(2) Советот за жалба е составен од девет члена, од кои тројца судии на Врховниот суд... по еден судија од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапката [за нестручно и несовесно вршење на судиската функција]. Членовите се бираат јавно по систем на ждрепка на општа седница на Врховниот суд, односно седница на сите судии на односниот суд, најдоцна во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата, ценејќи ја законитоста на постапката.

(4) ... Во случаите од ставот (3) на овој член, Советот за жалба може да го потврди или да го укине решението на Советот во случај на груба повреда на одредбите за постапката за одговорност на судија или претседател на суд.

(5) Доколку Советот за жалба го укине решението, Советот ќе ја повтори постапката, задолжително почитувајќи ги напатствијата од Советот за жалба и ќе донесе одлука и истата јавно ќе ја објави на својата веб страница.

(6) Против одлуката од ставот (5) не е дозволена жалба или тужба.

(7) Претседателот на Врховниот суд и судија учесник во постапката пред Советот не можат да бидат членови на Советот за жалба...“

**Повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур**
**Член 73**

„ (1) Кога [Судот] ќе утврди повреда на човеково право или основните слободи предвидени со [Конвенцијата] и Дополнителните протоколи на Конвенцијата... кои Република Северна Македонија ги ратификувала во согласност со нејзиниот Устав..., судијата или претседателот на судот чие право е повредено во постапките, може во рок од 30 дена, но најдоцна во рок од три години од конечноста на пресудата на [Судот], да поднесе барање до Советот за повторување на постапката.“

...

(3) Советот е должен во повторената постапка да ги почитува правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повредата на човековите права и основни слободи.

(5) Советот од своите редови во рок од 15 дена формира Комисија...

...

(8) Доколку Комисијата утврди дека барањето е навремено, целосно и дозволено, ... Советот ..., го доставува на надлежно постапување до Советот за жалба ... најдоцна во рок од три дена.

(9) Советот за жалба е должен во рок од 15 дена од приемот на предметот да постапи и да ја укине својата одлука и одлуката на Советот, водејќи се од правните ставови изразени во конечната пресуда на [Судот]... и да го врати на Советот на повторно постапување...

...“

**Право на правично судење**
**Член 74**

„Во текот на постапката пред Советот, судија или претседателот на судот против кој се води постапка има право на правично судење согласно со гаранциите утврдени во членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права.“

## Г. Закон за парничната постапка, Службен весник бр. 79/2002, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015

40Според член 64, судија не може да ја врши судиската должност во случај, меѓу другото, ако е поврзан со странката или полномошникот на странката до одреден степен (член 64(1)(3)) или ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање непристрасноста на судијата (член 64(1)(6)).

41Според член 65(1), ако судијата дознае дека постои причина за негово изземање, вклучително и според член 64(1)(3) (семејни односи), должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го

извести претседателот на судот, кој ќе определи замена. Според член 65(2), ако судијата смета дека постои причина за изземање според член 64(1)(6), мора за тоа да го извести претседателот на судот, кој одлучува дали судијата треба да се изземе.

## Д. Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси „Службен весник бр. 12/2019“)

42Член 75(1) од Законот за спречување на корупцијата го обврзува службеното лице веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување доколку дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси. Според член 76(1), Државната комисија за спречување на корупција поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси, која, во согласност со член 76(2), може да се поведе по барање, меѓу другото, на службено лице.

## Ѓ. Релевантна пракса на Врховниот суд

43На 23 февруари 2023 година, Врховниот суд донесе Начелен став во кој се наведува дека, при одлучување по изјавена жалба против одлука на Судскиот совет донесена по повторувањето на постапката, Советот за жалба - второстепениот совет формиран специјално за таа цел - може директно да ги примени членовите 6 и 13 од Конвенцијата, како и Амандман XXI (со кој се измени член 15, гарантирајќи го правото на жалба; видете став 29погоре) и член 50 од Уставот (гарантирајќи го правото на судска заштита на правата и слободите, видете став 30го 56.
.

## Е. Релевантна пракса на Уставниот суд

44Со одлука У. бр. 137/2019 од 25 март 2021 година, Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста во врска со делови од член 72(3) и (4) од Законот за Судскиот совет. Релевантниот дел од одлуката гласи како што следува:

> „... законските правила овозможуваат правото на жалба на разрешен судија... да се остварува во двостепена постапка; во втор степен да одлучува судски орган [за жалбата]; одлуката на второстепениот орган да е задолжителна, а во рамките на законитоста на постапката спроведена од Судскиот совет, Советот за одлучување по жалба може да ги опфати и прашањата поврзани со фактичката состојба и со примената на материјалното право.“

Со одлука У. бр. 42/2022 од 7 септември 2022 година, Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста во врска со

член 72(6) и делови од член 72(5) од Законот за Судскиот совет. Релевантните делови од одлуката гласат како што следува:

> „Правото на жалба (и нејзиниот интензитет) произлегуваат од Амандманот XXI од Уставот, [во однос на] уставното овластување дадено на Судскиот совет да одлучува за разрешување на судија или претседател на суд[.] Тоа претпоставува дека правото на реална и ефективна жалба... мора да се обезбеди и [во постапката] пред тој орган на судството, без притоа да се повреди уставното овластување на Судскиот совет да одлучува за разрешувањето на судија или претседател на суд.“
>
> ...Уставниот суд во повеќе наврати ја анализирал суштината на Амандманот XXI од Уставот и го зазел ставот дека гаранцијата на правото на жалба утврдена во истиот, се однесува само на одлука во прв степен пред суд, а правото на жалба против поединечни правни акти донесени во постапка пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, на определен начин е релативизирана, односно не е веќе уставна гаранција како што било претходно, туку уставотворецот остава простор со закон да се уреди тоа право на жалба, како што е во случајот со... член 72(6) во [овој] случај.
>
> ... [Уставниот] суд оцени дека [подносителот во своите наводи] погрешно смета дека одлуката на Судскиот совет за разрешување на судија ... е одлука на суд против која постои уставно загарантирано право на жалба...“

45Со одлука У. бр. 46/2023 од 14 ноември 2023 година, Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста во врска со член 72(2) од Законот за Судскиот совет, отфрлајќи ги аргументите на апликантката дека Советот за жалба е „вонреден суд“. Повикувајќи се на неговите претходни одлуки (видете ставови 44погоре), Судот го отфрли како суштински идентично барањето за оценување на уставноста, меѓу другото, на член 72(3), (4), (5) и (6) од Законот за Судскиот совет. Со одлука У. бр. 66/2023 од 5 декември 2023 година, Уставниот суд го отфрли како суштински идентично барањето на Врховниот суд за оценување на уставноста на член 72(6) од Законот за Судскиот совет.

46Со одлука У. бр. 233/2020 од 7 март 2023 година, Уставниот суд го укина член 8(3) од Законот за Судскиот совет во делот што предвидуваше дека само член на Судскиот совет избран од Собранието (односно, член-лаик (аматер) на Судскиот совет) има право да биде избран за негов претседател.

## II. МЕЃУНАРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ

### A. Обединети нации

47Основните начела на Обединетите нации (ОН) за независност на судството беа донесени на Седмиот конгрес на ОН за спречување на криминалот и третирање на престапниците, одржан во Милано, од 26 август до 6 септември 1985 година, и потврдени со Резолуциите 40/32

на Генералното собрание од 29 ноември 1985 година и 40/146 од 13 декември 1985 година. Релевантните делови гласат како што следува:

**Дисциплина, суспензија и разрешување**

„17. Обвинение или жалба поднесена против судија во неговиот/нејзиниот судски и професионален капацитет треба да се обработи брзо и праведно во соодветна постапка. Судијата има право на правично судење...“

...

20. Одлуките во дисциплинските постапки, постапките за суспензија или разрешување треба да подложат независна ревизија. Ова начело може да не се однесува на одлуките на највисокиот суд и оние на законодавното тело во постапките за импичмент или слични постапки.“

48Во Извештајот (A/HRC/38/38) од 2 мај 2018 година, специјалниот известувач на ОН за независноста на судиите и адвокатите, Диего Гарсија-Сајан, меѓу другото, ги даде следниве препораки:

**Дисциплинска постапка**

„101. Одговорноста за дисциплинските постапки против судиите му се доделува на независен орган составен првенствено од судии, како што е судски совет или суд.

102. ...

103. Овие органи може да содржат членови вон судската професија (адвокати, академици, членови на граѓанското општество), но во никој случај таквите лица не смее да се членови на законодавната или извршната власт.

104. ...

105. Одлуките на дисциплинскиот орган треба да се образложени и да подложат жалба пред надлежен суд.

...“

**Состав на судските совети и избор на нивни членови**

„107. ... Активните политичари и членовите на законодавната или извршната власт не може истовремено да бидат членови на судски совет ...

111. Кога членови на извршната власт, на пример министерот за правда, учествуваат во работата на советот како членови по службена должност, треба да се донесат соодветни мерки за да се осигури нивна независност од потенцијално мешање.“

## Б. Совет на Европа

### *1. Европска комисија за демократија преку право (Венецијанска комисија)*

49Во Мислењето (CDL-AD(2018)022), донесено во октомври 2018 година, Венецијанската комисија оцени одредени делови од

претходната верзија на Законот за Судскиот совет кој беше во сила до 30 мај 2019 година и се замени со Законот за Судскиот совет кој е моментално во сила (став 39погоре). Релевантниот дел од Мислењето гласи како што следува (изоставена фуснота):

> „39. Второто прашање се однесува на ефектите што може да ги има одлуката на Советот за жалба ... законот треба да објасни што ќе се случи ако Судскиот совет, по повторното отворање на предметот, инсистира на првичниот став и ги игнорира насоките од Советот за жалба.“

50Последователното Мислење (CDL-AD(2019)008), донесено во март 2019 година, се однесува на нацрт-Законот за Судскиот совет кој е моментално во сила. Релевантните делови гласат како што следува (изоставени фусноти):

> „34. Венецијанската комисија постојано тврди дека треба да постои можност за жалба до независен суд против одлуките на дисциплинските тела ... овој нацрт едноставно ја остава конечната одлука на Судскиот совет без никаква обврска тој да ја земе предвид одлуката (или насоките) на Советот за жалба. Ваквото решение го прави правото на жалба неефикасно за лицето кое ја поднело жалбата. Венецијанската комисија смета дека откако Советот за жалба ќе одлучи во корист на судијата/претседателот на судот, оваа одлука треба да биде конечна и соодветно да се спроведе од Судскиот совет, што на крајот може да доведе до повторно отворање на дисциплинската постапка (на пр., во случај на повреда на процедуралните права на судијата/претседателот на судот во текот на претходната постапка).
>
> 35. Оттука, Советот за жалба не треба да го замени Судскиот совет. Во неодамнешното мислење, Комисијата нагласи дека „Судските совети треба да имаат одредено дискреционо право, кое мора да го почитува жалбениот орган“, и дека „при вршењето ревизија на жалба, жалбениот орган треба да постапува со почит кон Судскиот совет во однос на утврдувањето на фактичките околности и толкувањето на релевантните правила на однесување“. Советот за жалба треба да може да ги укине одлуките на Судскиот совет само во случаи на груби грешки во примената на процесното и материјалното право.
>
> ...
>
> 60. На 6 март 2019 година, Венецијанската комисија доби ревидиран текст на нацрт-законот, изменет од органите на Северна Македонија во однос на горенаведените препораки... Комисијата со задоволство нотира дека ревидираниот нацрт-закон ги опфаќа повеќето нејзини препораки.
>
> 61. Меѓу другото, вреди да се споменат следниве подобрувања: ... Советот за жалба има овластување да укине одлука на Судскиот совет во врска со дисциплинската одговорност на судиите/претседателите на судовите само во случаи на груби грешки во примената на законот и тие одлуки се конечни ...“

Во јуни 2025 година, Венецијанската комисија го донесе Мислењето CDL-AD(2025)026 во врска со новиот нацрт-Закон за Судскиот совет, чии релевантни делови гласат како што следува:

> „28. ... Министерот за правда е член на Судскиот совет по службена должност. Европскиот суд за човекови права смета дека присуството на член на владата во Судскиот совет, дури и ако е пасивен, е многу проблематично од гледна точка на

поделбата на овластувањата [со упатување на *Катања,* цитирано погоре, § 75]. Венецијанската комисија, исто така, заседе критички став за таквиот аранжман [испуштена референца], како и ГРЕКО [испуштена референца]. Затоа, Венецијанската комисија препорачува министерот за правда повеќе да не биде член на Судскиот совет; мора да се напомене дека во пракса, според информациите добиени за време на онлајн состаноците, министрите за правда не учествувале на состаноците на Судскиот совет најмалку дванаесет години, така што ревизијата на законот би го направила тоа доследно со праксата. Се нотира дека има уставна пречка за таа промена. Член 43(2) содржи општо ограничување според кое се претпоставува дека министерот и претседателот на Врховниот суд се во иста положба како и сите други членови на Судскиот совет освен за прашањата кои се пропишани со овој закон. Би било соодветно законодавството да појасни во однос на тоа кои разлики се однесуваат на тие двајца членови. Вкрстена референца во член 43(2) би помогнала да се разјасни ова прашање.“

...

„53. Член 72 (во две верзии) предвидува право на жалба. Во Алтернатива 1, жалбата би се поднела до Специјален совет за жалби, кој би имал овластување да ја потврди или укине одлуката на Судскиот совет. Нацртот не го утврдува составот и природата (судска или административна) на овој специјален совет за жалби, ниту начинот на назначување на неговите членови, нивниот мандат или одговорностите. Алтернатива 2 предвидува жалба до два степена на административни судови против одлуката за разрешување: прво до Управниот суд, а потоа до Вишиот управен суд.“

54. Алтернативата 2 од член 72 може да се смета за легитимен избор, дури и ако административните судии, како и сите судии освен оние на Уставниот суд, не се целосно независни од Судскиот совет.

55. Во отсуство на попрецизни одредби за Специјалниот совет за жалби, Венецијанската комисија не може да ја оцени верзијата 1. Во секој случај, оваа одредба треба да се разјасни. Венецијанската комисија препорачува детално да се разгледа составот на Советот, како и начинот на назначување членови, нивниот мандат и одговорностите. Потсетува дека, во низа пресуди поврзани со работењето на Судскиот совет во Северна Македонија („Поранешна југословенска Република Македонија“ во времето на пресудите), Европскиот суд за човекови права јасно стави до знаење дека при одлучување за дисциплински прашања што резултираат со разрешување судија, Судскиот совет мора да ги исполни условите предвидени со член 6 од ЕКЧП [испуштена референца]. Секој систем во согласност со овие услови би бил прифатлив.“

...

„60. ... Венецијанската комисија ги дава следниве клучни препораки:

А. Отстранување на министерот за правда од Судскиот совет...

...

Е. Детално разгледување на составот на Специјалниот совет за жалби, како и начинот на назначување членови, нивниот мандат и одговорностите...“

51Во Извештајот за независноста на судскиот систем, Дел I: Независност на судиите (CDL-AD(2010)004) од 16 март 2010 година, Венецијанската комисија, меѓу другото, го нагласи следново:

Заклучоци

„...

4. Соодветен метод за гарантирање на независноста на судството е независен судски совет кој има одлучувачко влијание врз одлуките за назначување и кариера на судиите. Почитувајќи ја разновидноста на постојните правни системи, Венецијанската комисија им препорачува на државите кои сè уште не го сториле тоа да размислат за воспоставување независен судски совет. Во сите случаи, советот треба да има плуралистички состав, при што значителен дел, ако не и мнозинството од членовите, ќе бидат судии.

...

6. Судските совети, или дисциплинските судови, треба да имаат одлучувачко влијание во дисциплинските постапки. Треба да се предвиди можност за жалба пред суд против одлуките на дисциплинските органи.“

### 2. *Консултативен совет на европски судии (КСЕС)*

52Релевантните делови од Мислењето бр. 10 (2007) на Консултативниот совет на европски судии (КСЕС) за Судскиот совет во служба на општеството (Стразбур, 23-27 ноември 2007 година) гласат како што следува:

„23. Идните членови на Судскиот совет, без разлика дали се судии или не, не треба да се активни политичари, пратеници во Собранието, дел од извршната власт или администрацијата. Ова значи дека ниту претседателот на државата, ако е премиер, ниту кој било друг министер не може да биде член на Судскиот совет. Секоја држава треба да донесе посебни законски прописи во оваа област.

...

63. Судија кој ги занемарува неговите случаи поради мрзеливост или кој е очигледно некомпетентен во постапувањето треба да сноси дисциплински санкции. Дури и во такви случаи, како што е наведено во Мислењето бр. 3 (2002) на КСЕС, важно е судиите да уживаат заштита во дисциплинската постапка што гарантира почитување на начелото на независност на судството која се спроведува пред тело врз кое нема никакво политичко влијание, врз основа на јасно дефинирани дисциплински грешки: претседател, министер за правда или кој било друг претставник на политичките органи не може да учествува во работата на дисциплинскиот орган.“

53Релевантните делови од Мислењето бр. 24 (2021) на КСЕС за еволуцијата на Судските совети и нивната улога во независните и непристрасни судски системи (CCJE(2021)11, 5 ноември 2021 година) гласат како што следува (референцата е изоставена):

„12. ... Секој Судски совет и судството што го претставува мора да ја заслужи довербата на јавноста и нејзината поддршка преку одлична, транспарентна работа и отчетност. Во случај на конфликт со други органи, поддршката на јавноста во голема мера ќе зависи од перципираната легитимност на Советот.“

...

28. КСЕС е свесен дека во некои земји членки, Судските совети се составени од членови по службена должност. Членството по службена должност не е прифатливо, освен во многу мал број случаи, на пример, претседател на Врховен

> суд, но не треба да има членови или претставници на законодавната или извршната власт. Член по службена должност кој не е судија не треба да учествува во донесувањето дисциплински одлуки.“

54Мислењето бр. 27 (2024) за дисциплинската одговорност на судиите (CCJE(2024)5, 6 декември 2024 година) нагласува, меѓу другото, како што следува (референцата е изоставена):

> „38. КСЕС го повторува ставот дека на судиите треба да им се даде право на жалба против дисциплински одлуки и санкции.“

55Во Мислењето бр. 3 (2002) за начелата и правилата што го регулираат професионалното однесување на судиите, особено етиката, несоодветното однесување и непристрасноста, КСЕС, меѓу другото, ги даде следниве забелешки:

> „72. Во некои земји, првичното дисциплинско тело е највисокото судско тело (Врховниот суд). КСЕС смета дека аранжманите во врска со дисциплинските постапки во секоја земја треба да овозможат жалба од првичното дисциплинско тело (без разлика дали тоа е тело, трибунал или суд) до суд.“

56Релевантните делови од Магна Карта (Големата повелба на судиите – Основни начела) (CCJE (2010)3 конечна верзија, 17 ноември 2010 година) се наведени, на пример, во *Јакшовски и Трифуновски против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 56381/09 и 58738/09, § 28, 7 јануари 2016 година).

### 3. *Група на држави против корупцијата при Советот на Европа (ГРЕКО)*

57Во декември 2013 година, во Извештајот за евалуација на тужената држава, донесен во рамките на Четвртиот круг на евалуација (Спречување корупција кај пратениците, судиите и обвинителите), ГРЕКО препорача, со цел да се зајакне независноста на судството од несоодветно политичко влијание, да се укине членството на министерот за правда по службена должност во Судскиот совет.

58Во Извештајот за усогласеност, донесен во јули 2016 година, ГРЕКО посочи дека горенаведената препорака е делумно спроведена, со оглед на тоа што беа подготвени, но не беа донесени уставните амандмани со кои министерот за правда се отстранува од составот на Судскиот совет.

59Во Вториот извештај за усогласеност, донесен во јуни 2018 година, ГРЕКО го забележа следново (нагласувањето е во оригиналот, изоставена е фуснотата):

> „34. ГРЕКО ... жали за фактот што планираните уставни измени не се реализирани и со тоа повеќе нема изгледи за изоставување на учеството на министерот за правда од Судскиот совет. Сега, органите се повикуваат на неодамнешното донесување закон со кој се одзема неговото/нејзиното право на глас. Според ставовите на ГРЕКО, ова не ја менува суштински ситуацијата, а

Извештајот за евалуација (став 100) веќе нотираше дека министерот нема право на глас при назначувањето судии. Според ставовите на ГРЕКО, секогаш постои ризик од политичко влијание без формално право на глас или дури и формално присуство на министерот лично на состаноците (видете го и став 118 од Извештајот кој се однесува на реалните проблеми кои се забележани во пракса). Со оглед на тоа што нема поконкретни проекти насочени кон спроведување на оваа препорака, ГРЕКО не може да ја задржи претходната оценка.

35. ГРЕКО заклучува дека препораката v не е спроведена."

60Во Додатокот и Вториот додаток на Вториот времен извештај за усогласеност, издадени во јули 2022 и декември 2023 година, соодветно, ГРЕКО исто така заклучи дека препораката не е спроведена, бидејќи министерот за правда сè уште е член на Судскиот совет по службена должност. Во него се посочува можноста за политичко влијание од страна на министерот за правда дури и без право на глас или формално присуство на состаноците на Судскиот совет.

### 4. *Друг релевантен материјал од Советот на Европа*

61На 13 ноември 2019 година, Комитетот на министри го заврши испитувањето на пресудите во предметите *Геровска Попчевска против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 48783/07, 7 јануари 2016 година), *Јакшовски и Трифуновски* (цитирани погоре) и *Попоски и Дума против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 69916/10 и 36531/11, 7 јануари 2016 година). Во овие предмети, Судот утврдил повреди на член 6 од Конвенцијата бидејќи членовите на Судскиот совет, во својство на жалители во постапки против судии за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, последователно учествувале во одлуките на Судскиот совет за разрешување на тие судии (видете *Јакшовски и Трифуновски,* § 44, и *Попоски и Дума,* § 48, цитирано погоре) или, меѓу другите прашања, поради учеството на министерот за правда во одлуката за разрешување донесена од Судскиот совет (видете *Геровска Попчевска,* цитирано погоре, §§ 53 и 55).

62Релевантниот дел од Европската повелба за статутот на судиите (DAJ/DOC (98) 23, Стразбур, 8-10 јули 1998 година ) гласи:

5. ОДГОВОРНОСТ

„5.1. Занемарувањето од судија на една од должностите кои се изречно дефинирани со законот може да доведе до санкција само врз основа на одлуката, по предлог, препорака или со согласност на трибунал или орган кој е составен од најмалку половина избрани судии, во рамките на постапки што подразбираат целосно сослушување на странките, во кои судијата против кој се постапува мора да има право на застапување. Обемот на санкции што може да се изречат е утврден со закон, а нивното изрекување подложи на начелото на пропорционалност. Одлуката на извршна власт, трибунал или орган што изрекува санкција, како што е предвидено овде, подложи жалба до повисок судски орган."

Меморандумот со објаснување кон Повелбата дополнително го појаснува следново:

> „5.1. ... Повелбата предвидува право на жалба до повисок судски орган против секоја одлука за изрекување санкција донесена од извршна власт, трибунал или тело, чии членови, најмалку половина, се избрани судии.“

63Релевантните делови од Препораката CM/Rec(2010)/12 на Комитетот на министри до земјите членки за судиите: независност, ефикасност и одговорности (17 ноември 2010 година) гласат како што следува:

> „46. Органот што донесува одлуки за избор и кариера на судиите треба да е независен од извршната и законодавната власт. Со цел да се гарантира неговата независност, најмалку половина од членовите на органот треба да се судии кои се избрани од нивните колеги.“
>
> ...
>
> 69. Дисциплинска постапка може да следи кога судиите не ги извршуваат нивните должности на ефикасен и прописен начин. Ваквите постапки треба да ги спроведува независен орган или суд со сите гаранции за правично судење при што на судијата ќе му се даде право да ги оспори одлуката и санкцијата...“

## В. Европска Унија

64Во Извештаите за напредокот од 2023 и 2024 година во однос на тужената држава (Брисел, 8 ноември 2023 година, SWD(2023) 693 конечна верзија и 30 октомври 2024 година, SWD(2024) 693 конечна верзија, соодветно), Европската комисија препорача, меѓу другото, тужената држава да ја ревидира законската рамка и целокупното функционирање на Судскиот совет со цел да се зголеми неговата транспарентност и независност. Други релевантни делови од Извештајот за напредокот од 2023 година гласат како што следува:

> „... И Судскиот совет и Советот на јавни обвинители треба да дејствуваат решително за да ги унапредат и заштитат независноста, интегритетот и професионалноста на судиите и обвинителите. Потребни се дополнителни напори за зголемување на транспарентноста и спречување секаков обид за вршење прекумерно влијание или заплашување.“

## Г. Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

65На 12 јуни 2023 година, Мисијата на ОБСЕ во Македонија објави документ насловен како „Проценка на ризикот од корупција во судството во Северна Македонија“. Тој беше изготвен, меѓу другото, врз основа на анонимна анкета на судиите и откри, покрај другите прашања, дека приближно 72% од анкетираните судии не се согласуваат дека Судскиот совет ја штити судската независност (наспроти само 26% кои се согласија) и дека мнозинството судии (57%) не веруваат дека

дисциплинските постапки покренати од Судскиот совет се спроведуваат објективно. Понатаму, 62% од анкетираните судии не го перципираат Судскиот совет како независен субјект во пракса.

# ЗАКОНОДАВСТВО

## I. СПОЈУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

66Имајќи ја предвид сличната материја на апликациите, Судот смета дека е соодветно да ги разгледа заеднички во една пресуда.

## II. НАВОДНИ ПОВРЕДИ НА ЧЛЕН 6 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

67Апликантките се жалат согласно член 6 и член 13 од Конвенцијата дека немале можност да ги оспорат одлуките на Судскиот совет за нивно разрешување по враќањето на предметот од страна на Советот за жалба формиран за секој од нивните предмети. Тие, исто така, се жалат дека Судскиот совет не ги почитувал насоките од Советот за жалба во двете вратени постапки. Дополнително, втората апликантка се жали согласно член 6 дека Судскиот совет ја разрешил од должност спротивно на добро воспоставената пракса на Апелациониот суд во Штип, со што го прекршил начелото на правна сигурност.

Судот, како господар на карактеризацијата што треба да се даде во законот на фактите на предметот (видете *Радомиља и други против Хрватска* [GC], бр. 37685/10 и 22768/12, §§ 110-26, 20 март 2018 година, и *Гросам против Чешката Република* [GC], бр. 19750/13, § 90, 1 јуни 2023 година), смета дека е соодветно да се испитаат горенаведените жалби исклучиво според член 6.

Релевантниот дел од член 6 став 1 од Конвенцијата гласи:

> „При одлучувањето за неговите граѓански права и обврски или кое било кривично обвинение против него, секој има право на правично ... судење ... пред независен и непристрасен трибунал основан со закон.“

### A. Неможност за жалба против одлука на Судскиот совет по повторното разгледување на предметот

#### *1. Допуштеност*

68Владата не поднесе никакви приговори во врска со допуштеноста на оваа жалба.

69, прашањето дали одреден член од Конвенцијата или нејзиниот протокол е применлив или не е прашање под надлежност на Судот *по природата на нештата*. Според тоа, Судот мора да се увери дека има надлежност во секој поднесен предмет до него, и притоа е должен да го испита прашањето за неговата надлежност по сопствено барање (види

*Гросам против Чешката Република* [GC], бр. 19750/13, § 107, 1 јуни 2023 година).

70Судот нотира дека странките не спорат дека член 6 став 1 е применлив во неговиот кривичен дел. Судот, исто така, смета дека предметната постапка не се однесувала на утврдување на кривично обвинение и затоа кривичниот дел од тој член не е вклучен (спореди *Еминагаоглу против Турција,* бр. 76521/12, став 58, од 9 март 2021 година, и *Сурен Антонјан против Ерменија,* бр. 20140/23, став 80, од 23 јануари 2025 година).

71Странките не ја оспорија применливоста на член 6 став 1 од Конвенцијата во неговиот граѓански дел. Судот повторува дека за да биде применлив член 6 став 1 во неговиот „граѓански“ дел, мора да постои спор во однос на „право“ за кое може да се каже, барем врз основа на аргументирани основи, дека е признато според домашното законодавство, без оглед на тоа дали е заштитено со Конвенцијата. Спорот мора да е реален и сериозен; може да се однесува не само на фактичкото постоење на правото, туку и на неговиот обем и начинот на негово остварување; и, конечно, резултатот од постапката мора да е директно одлучувачки за правото за кое станува збор, при што само слаботo поврзување или далечните последици не се доволни за да се активира член 6 § 1 (видете, меѓу многу други извори, *Денисов против Украина* [GC], бр. 76639/11 , § 44, 25 септември 2018 година; *Гжеда против Полска* [GC], бр. 43572/18 , § 257, 15 март 2022 година; и *Фабри и други против Сан Марино* [GC], бр. 6319/21 и 2 други, § 76, 24 септември 2024 година). На крај, правото мора да е „граѓанско“ (видете погоре).

72Судот претходно го сумираше неговиот пристап во однос на обемот на „граѓанскиот“ концепт во член 6, на пример, *Еминагаоглу* (цитирано погоре, § 60). Понатаму, според неговата судска пракса, споровите меѓу државните службеници и државата може да се надвор од граѓанскиот дел од член 6, под услов да се исполнети два кумулативни услови. Прво, државата во нејзиното национално законодавство мора да го исклучила пристапот до судовите за работното место или категоријата персонал за кои станува збор. Второ, исклучувањето мора да е оправдано врз објективни основи во интерес на државата (види *Гжеда,* цитирано погоре, §§ 261 и 292; и *Еминагаоглу,* цитирано погоре, § 61, обете со повикување на критериумите утврдени во *Виљо Ескелинен и други против Финска* [GC], бр. 63235/00, ECHR 2007-II). Член 6 § 1, под граѓанскиот наслов, е применет во постапките поврзани со разрешување судии поради фактот што судиите имале пристап до националните судови за да го оспорат нивното разрешување (видете *Џоџај против Албанија,* бр. 15227/19, § 237, 9 февруари 2021 година, и предметите цитирани таму).

73Осврнувајќи се на овој предмет, Судот нотира дека апликантките би можеле да тврдат дека имаат право според домашното законодавство да служат неограничен мандат, кој би престанал само во одредени изречно наведени околности утврдени во Уставот (видете член 99 и неговиот Амандман XXVI, цитиран во став 29 погоре). Понатаму, исходот од постапките за професионален прекршок против апликантките бил директно одлучувачки за начинот на остварување на тоа право (спореди *Стуруа против Грузија,* бр. 45729/05, § 24, 28 март 2017 година). Оттука, Судот утврдува дека во предметите на двете апликантки постоел реален и сериозен спор околу „право“ кое апликантките би можеле да го бараат врз основа на аргументи според домашното законодавство (спореди претходно и *Сурен Антонјан,* цитиран погоре, § 82). Останува да се утврди дали природата на предметното право била граѓанска.

74Во врска со ова, Судот нотира дека апликантките биле одбиени од Судскиот совет во одлуките кои се донесени за време на постапката по враќањето на нивните предмети од Советот за жалба. Со оглед на тоа што Судот треба да утврди дали Судскиот совет и Советот за жалба во предметите на двете апликантки биле „трибунали“ во смисла на член 6 став 1 и дали апликантките имале пристап до суд за целите на тестот *Ескелинен*, тој смета дека прашањето за применливоста на таа одредба под нејзиниот граѓански наслов мора да се спои со основаноста на овие жалби (спореди *Сурен Антонјан,* цитиран погоре, став 84).

75Судот понатаму смета дека овие жалби не се ниту очигледно неосновани ниту недопуштени врз основа на кои било други основи наведени во член 35 од Конвенцијата. Затоа, тие мора да се прогласат за допуштени.

## 2. *Основаност*

### (a) Поднесоци на страните

#### *(i) Апликантките*

76Во поднесокот, првата апликантка тврди дека немала пристап до суд во постапката за нејзино разрешување. Таа тврди дека Судскиот совет е трибунал во смисла на член 6 од Конвенцијата и дека затоа е применлив член 15 од Уставот (во делот што го гарантира правото на жалба против судските одлуки). Судскиот совет не бил непристрасен, бидејќи ги исполнил желбите на неговиот член З.К., сопругот на Д.Г.К., подносител на жалбата. Ваквиот недостиг на непристрасност се покажува со фактот дека, од двете барања за постапка за нестручно и несовесно работење против неа, само второто барање, кое се однесувало на З.К., било прифатено. Неважно е што З.К. не учествувал во работата на Судскиот совет во нејзиниот предмет. На крај, таа тврди дека, во

вратената постапка, Судскиот совет не ги почитувал насоките од Советот за жалба.

77Во нејзината жалба, втората апликантка наведува дека немала можност да поднесе жалба против одлуката на Судскиот совет по враќањето на нејзиниот предмет на повторно разгледување и дека во вратената постапка, Судскиот совет не ги почитувал насоките од Советот за жалба кога го вратил предметот на повторно разгледување. Ова ја направило неефикасна дури и првата жалба против одлуката на Судскиот совет.

*(ii) Владата*

78Владата тврди дека Судскиот совет е независен и автономен судски орган основан со Уставот и Законот за Судскиот совет, задолжен за гарантирање независност и автономија на судството во согласност со Препораката CM/Rec(2010)/12 на Комитетот на министри на Советот на Европа. Според Владата, тој е „трибунал“ кој е основан во целосна согласност со институционалните барања од член 6 став 1 од Конвенцијата. Судскиот совет имал исклучива надлежност да назначува и разрешува судии, судии-поротници и претседатели на судови, во постапки регулирани со закон кои гарантираат заштита на правата и интересите на судијата, вклучително и правото на правично судење како што е загарантирано со член 6 од Конвенцијата. Фактот дека Уставниот суд утврдил дека Судскиот совет не претставува „суд“ според домашното право (видете став 44погоре) не значи дека тој не е „трибунал“ според автономното значење на Конвенцијата. Понатаму, Судскиот совет бил независен и непристрасен. Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд биле негови членови по службена должност. Сепак, тие и членот на Судскиот совет кој го поднел барањето за постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција немале право на глас, ниту пак учествувале на седниците на Судскиот совет на кои се разгледувало и одлучувало за барањата. Судскиот совет имал балансирана структура, при што судиите биле побројни од членовите-поротници, во согласност, меѓу другото, со препораките на Комитетот на министри и Венецијанската комисија. Независноста на членовите на Судскиот совет се гарантирала со нивниот начин на назначување и мандат, како и со некомпатибилноста на нивните функции со членството во политичка партија или со друга јавна функција или професија. Тврдењата на првата апликантка дека Судскиот совет не бил непристрасен бидејќи сопругата на З.К. побарала против неа да се покрене постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција не се поткрепени со никакви докази. Во секој случај, З.К. повеќе не бил претседател на Судскиот совет во времето на предметните настани и не дејствувал во случајот предмет на оваа жалба. Втората апликантка не изнесе никакви тврдења за недостиг на

непристрасност од страна на членовите на Судскиот совет. Законот за Судскиот совет предвидува специфични процедурални гаранции, кои биле правилно применети во предметите на апликантките. Во двете вратени постапки, Судскиот совет се придржувал до насоките од Советот за жалба, кои биле процедурални по природа.

79Владата понатаму наведе дека Советот за жалба е судско тело кое е основано со закон со исклучива надлежност да одлучува по жалби поднесени од судии. Постапките пред него биле регулирани со закон и, како што утврдил Уставниот суд (видете став 44погоре), можеле да опфатат преглед на фактите и процедуралното и материјалното право, како што било сторено во предметите на апликантките. Фактот дека составот на Советот за жалба не бил постојан не значи дека тој бил „вонреден суд“. Неговите одлуки биле обврзувачки. Тој бил составен од актуелни судии, кои биле автономни, непристрасни и избрани со ждрепка. Фактот дека некои од нив теоретски можеле да бидат предмет на оценување од Судскиот совет не фрла автоматски сомнеж врз нивната непристрасност во отсуство на конкретни индикации во таа смисла.

80Владата изјави дека апликантките имале пристап до суд, особено пред Судскиот совет, за кој тврдат дека е „трибунал“ во смисла на Конвенцијата. Покрај тоа, домашното право оди подалеку од минималните гаранции од член 6 со тоа што го гарантира правото на жалба пред Советот за жалба. Специфичните модалитети за регулирање на правото на жалба се во рамките на маргината на процена на државата, која ги зела предвид факторите како што се посебниот статус на судиите, природата на постапката за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, уставната положба на Судскиот совет, обемот на преиспитување на Советот за жалба и правото на пристап до суд како што е гарантирано со член 6 од Конвенцијата. Уставниот суд утврди дека Судскиот совет не е „суд“ во смисла на домашното законодавство, и затоа Амандманот XXI од Уставот не бара одлуките на Судскиот совет да подложат жалба. При донесувањето на општиот став, Врховниот суд не ги зел предвид критериумите што ги применува законодавецот при регулирање на правото на жалба или одлуките на Уставниот суд, туку се осврнал на меѓународните материјали што оделе подалеку од минималните гаранции од член 6. Уставниот суд имал исклучива надлежност да ја оценува уставноста на релевантното законодавство. Општиот став на Врховниот суд не предвидел процедурални правила за жалбената постапка по враќањето на предметот и затоа создал правна несигурност. Релевантното законодавство се стремело кон легитимна цел за заштита на исклучивата надлежност на Судскиот совет да одлучува за одговорноста на судиите. Советот за жалба ги оценил и фактите и законот и го вратил предметот на повторно разгледување кај Судскиот совет. Притоа, му дал на Судскиот совет јасни напатствија,

кои вториот ги почитувал. Сепак, одлуките за суштина останале во рацете на Судскиот совет, во согласност со Уставот и препораките на меѓународните тела. Владата заклучува дека фактот што апликантките не можеле да поднесат втора жалба не влијаело негативно врз нивното право на пристап до суд. Советот за жалба извршил ефективна ревизија на одлуките на Судскиот совет во предметите на двете апликантки.

**(а) Оцена на Судот**

*(i) Прелиминарни забелешки*

81Судот нотира дека жалбите на апликантките во врска со нивната неможност да поднесат втора жалба против одлуката на Судскиот совет за одбивање, донесена откако предметот бил вратен од Советот за жалба во нивните соодветни случаи, главно се однесуваат на наводно кршење на нивното право на пристап до суд. Повторува дека во предметите што се однесуваат на дисциплински постапки против судии, Конвенцијата бара воспоставување најмалку еден од следниве два механизми: или самите професионални дисциплински тела ги исполнуваат барањата од член 6 од Конвенцијата, или постапките пред нив да подложат последователна ревизија од судски орган со целосна надлежност кој самиот ги нуди гаранциите од член 6 (видете, на пример, *Катања против Република Молдавија,* бр. 43237/13, § 61, 21 февруари 2023 година). При разгледувањето на оваа жалба, Судот прво мора да утврди дали Судскиот совет кој ги одбил апликантките бил „трибунал“ во смисла на член 6 став 1. Доколку одговорот на тоа прашање е негативен, тогаш мора да утврди дали Советот за жалба во секој од предметите на апликантките бил „трибунал“ (спореди *Еминагаоглу,* цитиран погоре, §§ 95-96, и *Џоџај,* цитиран погоре, § 280, во контекст на жалба во врска со непристрасноста на телата за проверка во Албанија).

82Во врска со ова, во предметите *Митриновски против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 6899/12, 30 април 2015 година), *Геровска Попчевска против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 48783/07, 7 јануари 2016 година), *Јакшовски и Трифуновски против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 56381/09 и 58738/09, § 28, 7 јануари 2016 година) и *Попоски и Дума против Поранешната југословенска Република Македонија* (бр. 69916/10 и 36531/11, 7 јануари 2016 година), Судот утврди дека член 6 е применлив под неговиот граѓански наслов врз основа на тестот *Ескелинен,* со што го прифати статусот на Судскиот совет како „трибунал“ во смисла на горенаведената одредба. Сепак, од донесувањето на тие пресуди па наваму, Судот заседе понијансиран пристап при оценувањето на фактот дали домашно тело може да се смета за „трибунал“ во смисла на член 6 § 1.

Домашното законодавство што го регулира основањето и функционирањето на Судскиот совет, исто така, се променило (видете став 39погоре, и споредете *Митриновски,* § 20; *Геровска Попчевска,* §§ 25-27; *Јакшовски и Трифуновски,* § 21; и *Попоски и Дума,* §§ 24-25, сите цитирани погоре). Во однос на случувањата во судската пракса и домашното законодавство, Судот затоа мора да спроведе нова ревизија за да утврди дали Судскиот совет што ги одбил апликантките бил „трибунал" што ги исполнил барањата од член 6 § 1.

*(ii) Дали Судскиот совет бил „трибунал"*

(α) Општи начела

83Судот повторува дека орган кој не е класифициран како еден од судовите на државата може, за целите на член 6 став 1, да спаѓа во концептот на „трибунал" во суштинската смисла на овој поим (видете, на пример, Џоџај, цитирано погоре, став 282; *Али Риза и други против Турција,* бр. 30226/10 и 4 други, став 195, 28 јануари 2020 година; и *Муту и Пехштајн против Швајцарија,* бр. 40575/10 и 67474/10, став 139, 2 октомври 2018 година).

84Трибуналот, во смисла на член 6 став 1, се карактеризира, во суштинска смисла на поимот, со неговата судска функција, односно одлучува за прашања во негова надлежност врз основа на правилата на законодавството, во постапки кои се спроведуваат на пропишан начин. Овластувањето за донесување одлуки е својствено за самиот поим „трибунал". Постапката пред него мора да осигури „решавање на спорните прашања" како што се бара во член 6 став 1. Покрај тоа, само институција со целосна надлежност која исполнува голем број барања, како што се „независност, особено на извршната власт; непристрасност; времетраење на мандатот на нејзините членови; ...", заслужува да ја носи ознаката „трибунал" во смисла на член 6 став 1 (видете, на пример, *Гудмундур Андри Астрадсон против Исланд* [GC], бр. 26374/18, § 219, 1 декември 2020 година, и *Билген против Турција,* бр. 1571/07, § 73, 9 март 2021 година, со дополнителни упатувања).

(β) Примена на тие начела во конкретниот предмет

85Најпрво, Судот нотира дека Уставниот суд сметал дека Судскиот совет не е „суд" во смисла на Амандманот XXI од Уставот (видете став 44погоре). Сепак, ова не значи дека не може да се смета за „трибунал" во автономното значење на член 6 став 1 од Конвенцијата, ако ги исполнува барањата опишани во став 84погоре.

86Судот констатира дека Судскиот совет е специјализирано тело со полно работно време основано со закон, имено Уставот и Законот за Судскиот совет (видете ставови 35 и 39погоре и споредете *Котора против Романија,* бр. 30745/18, § 37, 17 јануари 2023 година). Согласно

релевантните уставни и законски одредби, Судскиот совет има надлежност и овластување да одлучува за прашања во врска со назначувањето, кариерата и дисциплинските постапки на судиите, вклучително и нивното разрешување (видете Амандман XXIX од Уставот, став 36 погоре и споредете со предметот *Билген,* цитиран погоре, § 74 *од почетокот,* и *Донев против Бугарија,* бр. 72437/11, § 84, 26 октомври 2021 година). Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција против судиите, како во овој случај, се регулираат со Законот за Судскиот совет и содржат збир процедурални гаранции, вклучително и начелото на контрадикторност на постапката, правото да се биде сослушан и застапуван од адвокат и правото да се поднесат докази (видете, особено, членови 65 и 66 од Законот за Судскиот совет, цитирани во став 39погоре). Законот за Судскиот совет содржи специфична одредба во која се наведува дека, во постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, судијата ги ужива гаранциите за правично судење утврдени во член 6 од Конвенцијата (исто, член 74 од Законот за Судскиот совет). Во такви околности, Судот прифаќа дека Судскиот совет врши судска функција во постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, за кои се применуваат гаранциите од член 6 став 1 (споредете со, на пр., *Еминагаоглу,* цитиран погоре, § 99, и *Билген,* цитиран погоре, § 74).

87Осврнувајќи се на гаранциите за независност и непристрасност што се бараат од еден „трибунал“, Судот констатира дека Судскиот совет е составен од петнаесет члена, од кои мнозинството се судии. Меѓу нив се претседателот на Врховниот суд, кој е по службена должност, и осум други судии кои се избрани од нивните колеги.

88Петте членови на Судскиот совет кои не се судии ги избира Собранието, а двајца од нив ги предлага Претседателот на државата (видете Амандман XXVIII од Уставот, став 35 погоре). Во врска со ова, Судот повторува дека иако поимот за поделба на власта помеѓу политичките органи на владата и судството станува сè поважен во неговата судска пракса, изборот или назначувањето судии од страна на извршната или законодавната власт е дозволено според Конвенцијата. Сепак, откако ќе бидат избрани или назначени, врз судиите не смее да има влијание или притисок и мора да ги извршуваат нивните судски функции со целосна независност (видете, на пример, *Гудмундур Андри Астрадсон,* цитирано погоре, § 207, и *Ксеро Флор в Полсце сп. з.о.о. против Полска,* бр. 4907/18, § 252, 7 мај 2021 година).

89Членовите на Судскиот совет се избираат за мандат од шест години, кој може да се обнови под одредени околности (видете член 7 од Законот за Судскиот совет, цитиран во став 39погоре). Понатаму, тие може да се разрешат од функција само во случаи кои се изречно предвидени со закон (видете член 34 од Законот за Судскиот совет, исто; споредете *Џоџај,* цитиран погоре, § 298). И Уставот и Законот за

Судскиот совет содржат одредби што ја гарантираат независноста и непристрасноста на Судскиот совет (видете, особено, Амандман XXVIII од Уставот и член 3 од Законот за Судскиот совет, цитиран во став 39погоре).

90Министерот за правда е исто така член на Судскиот совет по службена должност. Судот констатира дека Специјалниот известувач на ОН за независноста на судиите и адвокатите препорачал кога членовите на извршната власт, на пример министерот за правда, учествуваат во работата на Советот како членови по службена должност, да се развијат соодветни мерки за да се гарантира нивна независност од потенцијално мешање (видете став 48 погоре). Во тужената држава, министерот за правда е изречно спречен да учествува во дисциплински постапки против судии и нема право на глас не само во однос на назначувања или разрешувања на судии, туку и во однос на сите други прашања за кои одлучува Судскиот совет (видете член 6(2) и (3), како и член 35(6) и (7) од Законот за Судскиот совет, цитирани во став 39погоре).

91Судот претходно сметаше дека дури и пасивното присуство на член на владата во тело кое е надлежно за водење дисциплинска постапка против судии е, само по себе, исклучително проблематично во однос на барањата од член 6 од Конвенцијата и, особено, барањето за независност на дисциплинскиот орган (видете *Катања,* цитирано погоре, § 75). Релевантните меѓународни материјали (видете ставови 48, 52и 53погоре), исто така, укажуваат дека учеството на политичар или член на извршната власт во работата на тело кое е задолжено за дисциплински постапки против судии би можело да ја доведе во прашање неговата независност. Имајќи ја предвид загриженоста на ГРЕКО дека ризик од политичко влијание може да има дури и во отсуство на формално право на глас или фактичко присуство на министерот на седниците на Судскиот совет (видете став 59 погоре), како и мислењето CDL-AD(2025)026 на Венецијанската комисија (видете став 50 до крај погоре), Судот констатира дека овие аспекти би можеле да покренат сомнежи за независноста на Судскиот совет. Сепак, во отсуство на конкретна жалба од апликантките по ова прашање, не е повикан да го оцени прашањето за членството на министерот за правда во Судскиот совет по службена должност.

92Согласно горенаведените ставови, Судот заклучува дека Судскиот совет, кој ги разрешил апликантките од нивните судски функции, бил „трибунал“ во смисла на член 6 став 1 од Конвенцијата. Следствено, апликантките имале пристап до национален суд во врска со нивното разрешување, а член 6 став 1 е применлив за двете предметни постапки.

93Според овој заклучок, Судот смета дека жалбите на апликантките за нивната неможност да поднесат жалба против вторите одлуки на Судскиот совет треба да се оценат како жалби во врска со пристапот до повисок суд.

94Судот повторува дека член 6 не ги обврзува договорните држави да основаат апелациони или касациони судови. Меѓутоа, ако постојат такви судови, мора да се почитуваат гаранциите од таа одредба. На пример, на странките во спорот им се гарантира ефективно право на пристап до судовите за утврдување на нивните граѓански права и обврски (видете *Зубац против Хрватска* [GC], бр. 40160/12, § 80, 5 април 2018 година). Затоа, Судот ќе оцени дали постоел апелационен суд во контекст на овој предмет. Со други зборови, ќе разгледа дали, со оглед на неговите карактеристики, Советот за жалба формиран за секој од предметите на апликантките може да се смета за повисок суд. Доколку е така, Судот потоа ќе оцени дали пристапот на апликантките до него бил ограничен во спротивност со член 6 од Конвенцијата.

*(iii) Дали Советот за жалба бил повисок суд*

95Повикувајќи се на општите начела кои се сумирани во став 84погоре, Судот нотира дека, според член 72 од Законот за Судскиот совет, Советот за жалба, формиран во рамките на Врховниот суд за секој конкретен предмет, има исклучива надлежност да разгледува жалби против одлуките на Судскиот совет во врска со нестручно и несовесно однесување на судии. Иако од формулацијата на член 72(4) произлегува дека неговата надлежност е ограничена на оцена на усогласеноста на Судскиот совет со процесното право, Уставниот суд утврдил дека Советот за жалба може да ги оцени и фактите од предметот утврдени од Судскиот совет, како и усогласеноста со материјалното право (видете став 44погоре). Понатаму, Советот за жалба може да ја укине одлуката на Судскиот совет, кој потоа е должен повторно да ја спроведе постапката (наспроти *Денисов,* цитирано погоре, § 74, во контекст на оценувањето дали одредено тело имало овластување за доволна ревизија/контрола на дисциплинска одлука). Покрај тоа, Советот за жалба се состоел од девет професионални судии, избрани со ждрепка. Фактот дека Советот за жалба се составува на *ад хок* основа не влијае на неговата независност, со оглед на тоа што судиите имаат постојан мандат и може да се разрешат само под одредени јасно дефинирани околности (видете член 99 од Уставот и неговиот Амандман XXVI, во став 32 погоре). На крај, од слични причини како оние наведени во *Рамос Нунес де Карваљо е Са* (цитирано погоре, §§ 157-65), самиот факт дека членовите на Советот за жалба подлежат на дисциплинската надлежност на Судскиот совет не може да фрли сомнеж врз нивната непристрасност.

96Затоа, Судот заклучува дека Советот за жалба кој се формирал за предметите на двете апликантки бил „трибунал“ во смисла на член 6 став 1 од Конвенцијата. Останува да се оцени дали апликантките имале ефективно право на пристап до него.

*(iv) Дали било ефективно правото на пристап на апликантките до Советот за жалба*

(α) Општи начела

97Судот се повикува на општите начела за пристап до суд (видете *Гжеда,* цитирано погоре, §§ 342-43; и *Зубац,* цитирано погоре, §§ 76-79), и начелата што се однесуваат на пристап до повисоките судови (видете *Зубац,* цитирано погоре, §§ 80-82 и 84; видете, исто така, став 94 погоре). Особено, повторува дека правото на пристап до суд мора да биде „практично и ефикасно“, а не „теоретско или илузорно“. Сепак, тоа право не е апсолутно, туку може да подложи на ограничувања; тие се дозволени имплицитно бидејќи правото на пристап по својата природа бара регулирање од страна на државата, регулирање кое може да варира во време и место според потребите и ресурсите на заедницата и поединците. При утврдувањето такво регулирање, договорните држави уживаат одредена маргина на сопствена оцена. Иако конечната одлука во врска со почитувањето на барањата на Конвенцијата е на Судот, не е улога на Судот да ја замени оцената на националните органи за најдобрата политика во оваа област со сопствена. Сепак, применетите ограничувања не смее да го ограничат пристапот на поединците на таков начин или до таков степен што ќе се наруши самата суштина на правото. Понатаму, ограничувањето нема да соодветствува со член 6 § 1 ако не се стреми кон легитимна цел и без разумна пропорционалност помеѓу употребените средства и целта што треба да се постигне.

Начинот на кој член 6 § 1 се применува на апелациони или касациски судови зависи од посебните карактеристики на предметните постапки и мора да се земе предвид целокупноста на постапката во домашниот правен поредок и улогата на касацискиот суд во рамки на истата (истиот извор, §§ 77, 78 и 82, со дополнителни упатувања).

98Дополнително, Судот ја нагласи посебната општествена улога на судството кое, како гарант на правдата, фундаментална вредност во држава која е регулирана со владеење на правото, мора да ужива јавна доверба ако сака успешно да ги извршува неговите должности. Судот веќе утврди дека ова важи и во случаите што се однесуваат на правото на пристап до суд за членовите на судството во прашања што се однесуваат на нивниот статус или кариера. Со оглед на клучната положба што судството ја зазема меѓу државните органи во едно демократско општество и сè поголемото значење што ѝ се придава на поделбата на овластувањата и потребата од заштита на независноста на судството, Судот мора особено да внимава во однос на заштитата на членовите на судството од мерки што влијаат на нивниот статус или кариера, а кои може да ја загрозат нивната судска независност и автономија (видете *Билген,* цитирано погоре, § 58, и *Гумениук и други против Украина,* бр. 11423/19, § 52 и 71, 22 јули 2021 година).

(β) Примена на тие начела во конкретниот предмет

99Најпрво, Судот нотира дека Амандманот XXI од Уставот го гарантира правото на жалба против одлуките на првостепените судови и предвидува дека правото на жалба против одлуките донесени од административните органи и други тела што вршат јавни функции е предмет на понатамошно законско регулирање (видете став 29погоре).

100Не постои спор меѓу страните дека домашното право, особено член 72(1) од Законот за Судскиот совет, предвидува можност за жалба против одлука на Судскиот совет во постапка за нестручно и несовесно работење против судија (спротивно на предметот *Сурен Антонјан,* цитиран погоре, §§ 19 и 84). Двете апликантки ја искористиле таквата можност и поднеле жалби против првичната одлука на Судскиот совет за нивно разрешување, чија основаност била разгледана од Советот за жалба формиран за секој од предметите. Осврнувајќи се на постапката по враќањето на предметот, Судот констатира дека, според член 72(5) од Законот за Судскиот совет, кога Советот за жалба ќе ја укине првостепената одлука на Судскиот совет и ќе го врати предметот на повторно разгледување, Судскиот совет е должен да ги почитува насоките од Советот за жалба во повторната постапка. Откако Судскиот совет ќе донесе нова одлука во повторната постапка, член 72(6) од Законот за Судскиот совет изречно му забранува на судијата да поднесе жалба против таа одлука. Повикувајќи се на оваа одредба, Судскиот совет ја отфрлил жалбата на првата апликантка против неговата втора одлука за разрешување како недозволена (видете став 15погоре). Судскиот совет одбил да ја проследи жалбата на втората апликантка до Врховниот суд (видете став 28погоре). Затоа, Судот заклучува дека пристапот на двете апликантки до Советот за жалба бил ограничен.

101Во врска со ова, Судот нотира дека Уставниот суд утврдил дека член 72(6) од Законот за Судскиот совет е усогласен со Уставот (видете став 44погоре), особено во однос на поврзаноста со Амандманот XXI од Уставот, кој го регулира правото на жалба против одлуките на првостепените судови и административните одлуки. Наодот на Уставниот суд, како што тврди и Владата, укажува дека Амандманот XXI дозволува ограничување на правото на жалба против втора одлука на Судскиот совет преку законски одредби. Сепак, во својот општ став од 23 февруари 2023 година, Врховниот суд се повика на уставните гаранции за правото на судска заштита и правото на жалба, како што е загарантирано со член 50 и Амандман XXI од Уставот и заклучи дека овие права може да се применат директно во постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција против судија (видете став 43погоре). Образложението на Врховниот суд укажува дека овие уставни одредби го гарантираат правото на жалба против одлука на Судскиот совет по враќањето на постапката на повторно разгледување.

102Судот нема улога да изразува став или да решава спорови околу толкувањето на домашното право за примена на уставното право на жалба во постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција против судија, туку да оцени дали примената на релевантното домашно право во предметите на апликантките довела до последици што се во согласност со Конвенцијата. Во врска со ова, Судот нотира дека Советот за жалба кој што бил формиран за предметите на двете апликантки ги уважил нивните жалби и ги укинал одлуките на Судскиот совет, утврдувајќи недостатоци во наодите на Судскиот совет (видете ставови 11и 24погоре). Во второто разгледување на предметите на апликантките, Судскиот совет бил должен, согласно член 72(5) од Законот за Судскиот совет, строго да ги почитува насоките од Советот за жалба. Бидејќи немало можност за последователно преиспитување на одлуките на Судскиот совет донесени при повторената постапката, ниту Советот за жалба ниту кое било друго судско тело можеле да проценат дали Судскиот совет, всушност, соодветно одговорил на наодите на Советот за жалба во предметите на апликантките. Судот е загрижен дека ваквата невозможност за последователна контрола практично прави и првата жалба пред Советот за жалба да изгуби на значење. Поконкретно, отсуството на каков било судски механизам кој ќе потврди дали Судскиот совет ги почитувал задолжителните насоки од Советот за жалба ја поткопува ефикасноста на жалбениот процес и ги ослабнува практичните гаранции за судска заштита кои се својствени на член 6 став 1 од Конвенцијата. Судот веќе утврди дека, при оценувањето на било какво оправдување за исклучување на пристапот до суд во врска со членство во органите за судско управување, потребно е да се земе предвид силниот јавен интерес за почитување на независноста на судството и владеењето на правото (видете *Гжеда,* цитирано погоре, § 346, и *Картал против Турција,* бр. 54699/14, § 93, 26 март 2024 година). Смета дека истото важи и во однос на дисциплинските постапки што се однесуваат на судиите. Во овој случај, силниот јавен интерес за почитување на владеењето на правото и гарантирање јавна доверба во судството бара оцена дали Судскиот совет ги почитувал насоките од Советот за жалба во секој од предметите на апликантките.

103Владата тврдеше дека ограничувањето на правото на пристап до суд на апликантките имало за цел да се обезбеди дека Судскиот совет ја носи конечната одлука. Судот ги има предвид препораките на Венецијанската комисија во смисла дека судските совети треба да имаат „одлучувачко влијание“ во дисциплинските постапки и „одредено дискреционо право, кое мора да го почитува жалбениот орган“ (видете став 50 погоре). Сепак, при одлучувањето по жалбите на апликантките, Советот за жалба формиран за секој од нивните предмети не можел да ја замени одлуката на Судскиот совет со своја, туку можел да ја укине и да го врати предметот на Судскиот совет на повторно разгледување.

Понатаму, Судот нотира дека, според членовите 72(2) и (3) од Законот за Судскиот совет, Советот за жалба мора да одлучи по жалбата во рок од четириесет дена од нејзиното поднесување, што е прилично краток период. Судот, исто така, е свесен за важноста на брзото одлучување во предметите што вклучуваат неструно и несовесно однесување од судиите. Сепак, овој интерес не може да има предност над важноста од независна проверка дали ДСС ги почитувал упатствата на Советот за одлучување по жалби.

104Во овој контекст, Судот смета дека е важно да се напомене дека релевантните меѓународни материјали (видете ставови 47, 48, 51и 55погоре) ја нагласуваат важноста на независната ревизија или правото на жалба против дисциплинските одлуки што се однесуваат на судиите. Судот повторува дека или самите професионални дисциплински тела мора да ги исполнат барањата од член 6 од Конвенцијата, или постапките пред нив мора да подлежат на последователна ревизија од судски орган со полна надлежност (видете став 81 погоре). Со други зборови, Конвенцијата не бара предметите поврзани со дисциплинските постапки против судиите да се решаваат на две нивоа на надлежност. Сепак, како што е наведено погоре, онаму каде што постојат такви судови, гаранциите за ефективно право на пристап до нив мора да се почитуваат (видете го предметот *Зубац,* цитиран погоре, став 80).

105Со оглед на изложеното во ставовите 102погоре, а особено неможноста на Советот за жалба да утврди дали Судскиот совет ги почитувал неговите насоки во повторената постапка во предметите на двете апликантки, Судот смета дека правото на пристап до Советот за жалба на апликантките, дури и во постапките пред враќањето на предметот на повторно разгледување, практично немало никакво значење. Затоа, Судот заклучува дека правото на пристап до суд на апликантките било ограничено до степен што самата суштина на тоа право била нарушена.

106Според тоа, има повреда на член 6 од Конвенцијата.

### Б. Наводен недостиг на правна сигурност

107Втората апликантка понатаму се жали дека била отпуштена врз основа спротивна на воспоставената пракса на Апелациониот суд во Штип, што е во судир со начелото на правна сигурност.

108Имајќи ги предвид фактите од предметот, поднесоците на странките и својот наод за повреда на правото на пристап до суд на апликантките (видете став 106погоре), Судот смета дека го разгледа главното правно прашање покренато во оваа жалба и дека нема потреба да донесе посебна одлука за допуштеноста и основаноста на горенаведената жалба од втората апликантка (видете *Центар за правни*

*ресурси во име на Валентин Кампеану против Романија* [GC], бр. 47848/08, § 156, ECHR 2014).

## III. ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

109Член 41 од Конвенцијата предвидува:

> „Доколку Судот утврди дека имало повреда на Конвенцијата или на нејзините протоколи, и доколку внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна дозволува само делумна репатријација на штетата, доколку е неопходно, Судот ќе ѝ додели правичен надомест на оштетената страна.“

### A. Прва апликантка

#### 1. *Штета*

110Првата апликантка побара надомест од 20.000 евра (ЕУР) за нематеријална штета.

111Владата го оспори барањето како прекумерно и тврдеше дека, со оглед на можноста за повторно отворање на домашните постапки, утврдувањето повреда би претставувало доволно праведна одлука.

112Судот смета дека настаните што довеле до повредата која е утврдена во овој случај ѝ предизвикале нематеријална штета на првата апликантка, што не може да се надомести со самото утврдување повреда. Судот, правејќи процена на правична основа, ѝ доделува на првата апликантка 3.600 евра за нематеријална штета, плус евентуален данок што може се наплати на тој износ.

#### 2. *Трошоци и издатоци*

113Првата апликантка, исто така, побара надомест од 1.250 евра за трошоци и издатоци направени во постапката пред Судот, особено за адвокатските трошоци за барањето и последователното поднесување до Судот.

114Владата тврдеше дека барањето соодветствува со тарифникот на Адвокатската комора на тужената држава, но дека одговорот на првата апликантка на забелешките на Владата бил поднесен лично од неа, а не преку адвокат.

115Според судската пракса на Судот, апликантката има право на надомест на трошоците и издатоците само доколку се покаже дека тие биле всушност и нужно направени и се разумни по обем (видете, меѓу многуте извори, *Власисављевиќ наспроти Северна Македонија,* бр. 23215/21, § 54, 25 јуни 2024 година). Во овој случај, имајќи ги предвид документите што ги поседува и горенаведените критериуми, Судот смета дека е разумно да досуди износ од 975 евра за трошоци и издатоци

кои се направени од првата апликантка во постапката пред Судот, плус секој данок што може да се наплати на тој износ.

### Б. Втора апликантка

116Втората апликантка не поднесе барање за правичен надомест во согласност со Правилото 60 од Деловникот на Судот. Според тоа, Судот смета дека нема потреба да ѝ се додели износ по тој основ.

## ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Одлучучи* да ги спои апликациите;

2. *Ги прогласи за допуштени* жалбите наводи на апликантките во врска со нивната неможност да поднесат жалба против одлука на Судскиот совет донесена по враќањето на нивните предмети на повторно разгледување;

3. *Утврди* дека имало повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата по овој основ;

4. *Утврди* дека нема потреба да се испитува допуштеноста и основаноста на жалбата на втората апликантка за повреда на начелото на правна сигурност;

5. *Утврди*
   (а) дека тужената држава треба да ѝ ги исплати на првата апликантка, во рок од три месеци од датумот на кој пресудата ќе стане правосилна во согласност со член 44 став 2 од Конвенцијата, следните износи, кои треба да се конвертираат во валутата на тужената држава по курсна стапка што важи на денот на порамнувањето:
      (i) 3.600 евра (три илјади и шестотини евра), плус данокот што може да се наплати на тој износ, за нематеријална штета;
      (ii) 975 евра (деветстотини седумдесет и пет евра), плус данокот што може да се наплати на тој износ, за трошоци и издатоци направени од првата апликантка во постапката пред Судот;
   (б) дека од истекот на горенаведениот рок од три месеци до исплатата ќе се пресмета основна камата на горенаведените износи по стапка еднаква на маргиналната каматна стапка за позајмени средства на Европската централна банка за време на периодот на неплаќање плус три процентни поени;

6. *Го отфрли* остатокот од барањето на првата апликантка за правичен надомест.

Изготвено на англиски јазик и доставено на писмено на 13 ноември 2025 година, согласно член 77 ставови 2 и 3 од Деловникот на Судот.

| | |
|---|---|
| Дороти фон Арним<br>Заменик регистратор | Арнфин Бардсен<br>Претседател |

# ПРИЛОГ

Список на предмети:

| **Бр.** | **Апликација бр.** | **Име на предмет** | **Поднесена на** | **Година на раѓање на апликант Место на живеење** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 19689/21 | Илиевска против Северна Македонија | 08/04/2021 | **Силвана ИЛИЕВСКА** 1958 година Битола |
| 2. | 42794/22 | Здравева против Северна Македонија | 26/08/2022 | **Сузана ЗДРАВЕВА** 1963 година Штип |